Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 360/2021
Дата.........16-03-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Струмица, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена – домување за сместување на социјално загрозени семејства на КП 7690/2, 7691, 7692, 7693/4, 7693/9, 7694/2, 7694/3, 7718/1, 7718/2, 7725, 7726/1, 7726/2, 7726/3, 7728, и делови од КП 7689/1, 7690/1, 7693/1, 7693/8, 7694/1, 7719, 7729, 7930, КО Струмица, Општина Струмица.**

Површината на проектниот опфат изнесува 3,34 h.

Предметниот опфат го тангира планскиот опфат за кој што се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на "ГУП Струмица – измена и дополна, Општина Струмица", си технички број Y04605

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Р Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03721** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена – домување за сместување на социјално загрозени семејства на КП 7690/2, 7691, 7692, 7693/4, 7693/9, 7694/2, 7694/3, 7718/1, 7718/2, 7725, 7726/1, 7726/2, 7726/3, 7728, и делови од КП 7689/1, 7690/1, 7693/1, 7693/8, 7694/1, 7719, 7729, 7930, КО Струмица, Општина Струмица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Определбите на Просторниот план на Република Македонија од аспект на урбанизација се однесува на:

- Дестимулација на проширување на градското градежно земјиште, а преку воведување на посебни мерки стимулирање на порационално и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина;
- Стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди;
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, станбени населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk